# УВОДНИ СТИХОВИ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2022

*Сабота, 1 октомври 2022*

## ДРАГОЦЕН БИСЕР

Ве поздравувам сите драги браќа и сестри, драги гости и драги пријатели на божествената вистина, со желба денешната средба со Господа да ни донесе богати благослови.

**Да прочитаме од Библијата: „Царството небесно прилега и на трговец, кој бара убави бисери; па, штом најде едно зрно скапоцен бисер, оди и продава сѐ што има и го купува“ (Матеј 13,45.46).**

Ова утро, на почетокот на новото тримесечје, Христос од својата Реч ни се претставува во посебна светлина. Тој е драгоцен бисер на евангелието, централен план на спасението, наш Спасител.

Колку вреди Исус за тебе? Од што си подготвен да се откажеш за да го најдеш или да не останеш без него? Трговецот се откажал од сѐ за да го добие бисерот.

Брате и сестро, пријателе, момче и девојко, дали веќе си го нашол Христа? Дали веќе Тој е твој и ти негов, односно, негова? Дали си готов да дадеш сѐ што е твое – силата, разумот, талентите, обичаите, уверувањата, целиот себеси, своето несовршено срце, за Христос да биде твој? Има ли во твојот живот нешто што го зазема Христовото место?

Ве повикувам да се придружите кон мојата одлука и заедно со апостол Павле да кажеме: „Она што ми беше добивка... сѐ го сметам за штета, само Христа да го добијам и да се најдам во него“ (Филипјаните 3,7-9).

Ова последно тримесечје во оваа година нека биде тримесечје на наша голема радост и искуства со Бога!

*Сабота, 8 октомври 2022*

# НЕЗАМИСЛИВА НАГРАДА

Ми причинува голема чест што можам во име на нашето големо црковно семејство да ве поздравам сите вас, драги браќа и сестри. Желба ни е сите да примиме големи благослови во текот на оваа света служба на Бога.

Некој добро рекол дека Исус е единствен учител доволно висок да гледа преку оградите што ги делат луѓето, односно човечкиот род. Ние овде сме едно големо семејство. Исус скоро ќе дојде и оградата на гревот ќе биде тргната, и ние ќе се сретнеме со нашиот Бог во славата на небото.

Денес нека се исполнат зборовите на нашиот Господ и Спасител Исус: **„Но, како што е напишано: ‚Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат'" (1. Коринќаните 2,9).**

„И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина, и морето го немаше веќе... И чув висок глас од небото како зборува: ‚Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив - нивниот Бог. И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина."

Нашето око може на оваа земја да види многу убавини, но она што ни го подготвува Бог во своето царство надминува сè што видело нашето око овде или што замислил нашиот ум и нашата мечта на оваа земја. Со сите сили и со радост да трчаме кон небото каде што наскоро ќе се сретнеме со невиденото и недоживеаното и ќе го уживаме она што ни го подготвува Бог, зашто го љубиме и го следиме.

*Сабота, 15 октомври 2022*

## БОГ СЕ ГРИЖИ

**„И така, браќа, радувајте се, усовршувајте се, утешувајте се, бидете едномислени, живејте во мир, - и Бог на љубовта и на мирот ќе биде со вас“ (2. Коринќаните 13,11)**

Му благодарам на Бога што имаме можност денеска да дојдеме на ова утринско богослужение. За сите вас имам добра вест, радосна вест, вест која на милиони им носи надеж и мир во срцето. Драги браќа и сестри, Бог е жив и Тој се грижи за нас! Можеби за миг сме го заборавиле тоа. Ако утрово некој од нас дошол прашувајќи се како да продолжи понатаму во животот, Господ ни порачува: „‚Ќе те вразумам,‘ - вели Бог - ‚Ќе ти го покажам патот, по кој да одиш; ќе бдеат очите Мои над тебе‘“ (Псалм 32,8). Можеби некоја грижа направила да не чувствуваме дека Бог е со нас, но, денеска Бог на љубовта и на мирот е со нас.

Бог уште може и сака да поучи, да покаже, да советува.

Тој тоа ќе го прави и ова утро. Затоа да го слушаме и да го чекаме неговиот одговор!

*Сабота, 22 октомври 2022*

## БОЖЈИ СИНОВИ И ЌЕРКИ

Само љубовта кон Бога може да нè собере во овој молитвен дом. Дали сте ја почувствувале Неговата љубов длабоко во душата? Во име на таа божествена љубов сакам да ве поздравам сите вас драги браќа и сестри. Нека привиот денешен текст ни каже за таа љубов:

**„Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот - да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не Го спозна Него“ (1. Јованово 3,1).**

Кога знаеме и разбираме дека Бог, како негови деца, нè сака со голема љубов, тоа менува сè. Го менува начинот на кој размислуваме за самите нас. Го менува начинот на кој гледаме на другите. Го менува начинот на кој чувствуваме кога во животот ни се случуваат тешки работи. Го менува нашиот животен став - од љубов кон светот во љубов кон Бога. Луѓето сметаат дека е предност да се види некоја позната личност, и многумина поминуваат голема оддалеченост за да ја остварат таа желба.

Но апостол Јован ни вели: „Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е.“ Има ли поголемо предимство од тоа да бидеме синови и ќерки на Највозвишениот! Која поголема предност можела да ни се укаже од оваа – да станеме членови на небесното семејство?

Ангелите пеат во слава на Господа. Целата вселена го слави. Тоа треба да го правиме и ние, неговите деца, неговите синови и ќерки. Ние имаме безброј причини за да му заблагодаруваме на Бога и да го славиме!

*Сабота, 29 октомври 2022*

## „НЕ ПЛАШИ СЕ, МАЛО СТАДО!“

Драги браќа и сестри, драги присутни, ви посакувам срдечно добредојде на ова саботно богослужение на сите вас кои сте дошле да се дружите со Бога ова утро во Божјиот дом. Како луѓе кои сакаат да се дружат со Бога, ве пови-

кувам да обрнете внимание на следниве две реченици:

„Не плаши се да бидеш со малцинството ако е во право, зашто таквото малцинство еден ден ќе стане мнозинство. Не осмелувај се да се согласиш со мнозинството ако не е во право, зашто таквото мнозинство еден ден ќе стане малцинство!“

Писателот на овие зборови веројатно ја имал на ум Библијата, која кажува дека Бог не се служи со мнозинство. Сам Исус зборува за малечко стадо.

Да го прочитаме од Библијата стихот во Лука 12,32: **„Не плаши се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде царството.“**

Извонредна е изреката дека само еден човек, ако се здружи со Бога, станува мнозинство. Да донесеме одлука секој ден во животот да бидеме соединети со Бога како што сме ова утро.

*Сабота, 5 ноември 2022*

## БЛАГОДАРНИ И БЛАГОСЛОВЕНИ

Драги браќа и сестри, во овој свечен миг сакам да ве поздравам и да ве повикам на ова утринско саботно богослужение да размислуваме за зборовите од Библијата во **2. Дневникот 1,6-10: „И таму пред лицето на Господ, врз бакарниот жртвеник, што беше пред скинијата на собранието, Соломон принесе илјада жртви–паленици. Во таа ноќ му се јави Господ на Соломон и му рече: ‚Барај, што сакаш да ти дадам.‘ Соломон Му одговори на Бога: ‚... дај ми сега мудрост и разум‘.“**

Илјада жртви-паленици! Овој израз на големата Соломонова благодарност му донел најголеми благослови пр-

венствено на царот. Тој му угодил на Бога и Господ му се јавил уште истата ноќ: „Барај што сакаш да ти дадам?“

Имаме ли и ние причина во нашето срце да му благодариме на Господа? Дали сме подготвени на ова место да му благодариме на Господа? Сигурно! Сме се собрале од сите страни да му оддадеме благодарност на Бога. Затоа да се здружиме во песна и да го славиме со радосно срце, благодарејќи му за големите дела што ги сторил. Така ќе се здружиме со целото Божје семејство на земјата и со безгрешните суштества на небото во славење на Бога! Да му благодариме и да го славиме Бога за сите негови благослови со кои нè опсипува!

*Сабота, 12 ноември 2022*

## ДА ДОЈДЕМЕ ПОНИЗНО ПРЕД БОГА

**„Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небесно!“ Матеј 5,3**

Со овие зборови што ги изговорил Господ Исус на Гората на благословите сакам срдечно да ве поздравам сите вас драги браќа и сестри, што сте дошле во Божјиот дом за да го славите Господа заедно. Желба ми е уште сега, во првите мигови, да сфатиме дека на Христа му се мили понизните и кротки луѓе и Тој сака да ги благослови.

Оној кој себеси се смета за доволно добар, и кој е задоволен со својата состојба, таквиот не чувствува потреба од Христовата милост и праведност.

Горделивоста го замаглува духовниот вид на и го затвора срцето пред Христа и пред богатите благослови што Тој наумил да им ги подели на луѓето. Во срцето на еден таков човек нема место за Христа. Христос се стреми светот да го

исполни со со мир и со радост слични на мирот и радоста на небото.

Исусовите зборови на Гората на благословите треба да ни помогнат да кажеме во себе: „Господе Исусе, јас не сум ништо. Од тебе очекувам сила и мир. Благослови ме!"

Ако пристапиме така, нашиот престој во црква ќе му донесе радост и благослов на секој верник и пријател!

*Сабота, 19 ноември 2022*

## ДА ГО БАРАМЕ НАЈНАПРЕД БОЖЈОТО ЦАРСТВО

Во име на водството на утринското богослужение сакам да ви посакам добредојде на сите вас кои дојдовте ова утро во Божјиот дом. Знам дека сме дошле за да примиме небесни благослови.

„Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придодаде" (Матеј 6,33).

„Посакајте и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори; зашто секој што моли, добива, и кој бара, наоѓа, и на оној што чука ќе му се отвори" (Матеј 7,7.8).

Сакаме ли да го примиме она што сака Господ да ни го даде во овој свет ден? Во денешниот свет на нашата душа ѝ се нудат различни подароци и различни задоволства. Но Бог сака да ни даде нешто повеќе од она што е пропадливо. Да се потсетиме на Соломона: **„Во таа ноќ му се јави Господ на Соломон и му рече: ‚Барај, што сакаш да ти дадам.' Соломон Му одговори на Бога: ‚... дај ми сега мудрост и разум'.** И му рече Бог на Соломон: ‚Затоа што го имаш тоа во срцето свое и не побара богатство, имот и слава, ниту душите на твоите непријатели, туку побара мудрост и разум, за да управуваш со Мојот народ, над кој те поставив за цар – муд-

рост и разум ти се дава, а богатство, имот и слава ќе ти дадам такви, какви што кај царевите пред тебе немало, ниту ќе има по тебе'" (2. Дневникот 1,6-12).

Можеме ли, слично на Соломона, да отфрлиме сè и да го бараме од Бога она што ни е најпотребно во духовниот живот? Имаме ли спасение? Имаме ли вечност?

Оваа сабота имаме предимство да ги бараме вечните вредности, зашто Бог подготвил за нас многу повеќе отколку што ние бараме. Да го бараме Божјиот благослов уште од првите мигови на нашата заедница со Бога.

*Сабота, 26 ноември 2022*

## ВО БОГА Е УТЕХАТА

Ова саботно утро сакам да ве поздравам и да ви се обратам со зборовите од **Матеј 5,4: „Блажени се оние што плачат, зашто тие ќе се утешат."**

Овие текстови Христос ги изговорил со надеж која избивала од секој негов збор. Меѓу неговите слушатели имало многу жалосни и несреќни. Ние веруваме дека и меѓу Божјиот народ има такви кои нешто ги мачи, кои носат тежок товар и болка во срцето, и дека тие и денеска се со нас. Ним Христос им ги упатува овие зборови на охрабрување. Зборовите на Спасителот содржат вест на утеха за оние што страдаат. Колку има такви кои никогаш не би го запознале Исуса кога жалоста не би ги натерала да побараат утеха.

Да му се довериме денеска нему. Брате, сестро, ако чувствуваш жалост или ако носиш товар, прифати го со вера ветувањето на Спасителот дека ќе те утеши!

„А сам Господ наш, Исус Христос, и Бог и Отец наш, Кој нè возљуби и преку благодатта Своја ни даде вечна утеха и

добра надеж, нека ги утеши срцата ваши и да ве утврди во секое слово и добро дело!“ (2. Солуњаните 2,16)

*Сабота, 3 декември 2022*

## БЛАЖЕНИ СЕ КРОТКИТЕ!

Ја поздравувам целата црква, сите верници, сите гости и пријатели. Пред нас е нова средба со Бога, нова свечена меѓусебна средба. Пред да ве повикам да му упатиме благодарност на Бога со песна, ве повикувам да ја отвориме нашата Библија и да го прочитаме текстот **Матеј 5,5: „Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата!“**

Драги браќа и сестри, со какво срце сте дошле во молитвениот дом? Исус кротоста ја смета за едно од првите обележја на своето царство. Оваа драгоцена особина тој ја покажал во својот живот и карактер. Оној кој учи од Христа ќе се ослободи од самиот себе. Наше највисоко место е крај нозете на нашиот Спасител.

На сите нас ни се упатува повик во текот на ова богослужение да мислиме на Христовиот налог и да научиме да покажеме кроток дух, подготвеност да го слушаме неговиот глас!

*Сабота, 10 декември 2022*

## ДА СЕ СТРЕМИМЕ КОН НЕВИДЛИВОТО

**„Зашто нашите сегашни незначителни страдања ни донесуваат многу пообилна и вечна тежина на славата, зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото - вечно“ (2. Коринќаните 4,17.18).**

Морската струја го понела бродоломникот до еден ненаселен остров. Сфаќајќи дека е сосема сам, почнал да гради примитивна колиба во која подоцна сместил сè што имал. Се молел на Бога за излез од оваа незавидна положба, а секојдневно со копнеж гледал кон морската шир за да забележи некаков брод.

Деновите поминувале и кога еден ден се враќал „дома“ од потрага по храна, се обесхрабрил кога забележал дека неговото скромно засолниште е во пламен. Огнот уништил сè што имал. Се случило најлошото, барем така се чинело. Но она што изгледало најлошо, водело кон најдобро.

Веќе следниот ден некој брод пристигнал до островот. „Видовме пламен и чад и дојдовме да ви помогнеме!“ – му соопштил капетанот на бродот.

Не ми е познато што сè сте преживеале минатата седмица, но небесниот Отец тоа го знае.

Утринава дојдовме да го прославиме нашиот Бог. Слободно да му се довериме на Бога кој знае сè, без оглед на тоа какви непријатности сме доживеале и какви уште непријатности нè очекуваат. Тој не се изменил и не се менува. Неговата љубов кон нас е трајна, голема, постојана и на сите достапна. Тој сака да нè води во животот од видливото - во кое доживуваме секакви страдања - кон невидливото - кон она што е вечно! Да ја прифатиме неговата желба денеска да го гледаме невидливото - кое ни носи вечен живот!

*Сабота, 17 декември 2022*

## ТАЈНАТА НА УСПЕХОТ

Ве поздравувам сите ова саботно утро. Верувам дека сите се чувствуваме среќни што Господ нè прима во посета. Тој го закажал овој состанок со нас, зашто испланирал нешто да ни каже и нешто да ни даде.

Верувам дека ова утро ќе се поучиме од неговата Реч. Едно искуство на Исус Навин нека ни помогне како охрабрување да соработуваме со Бога: **„Да не се одделува од устата твоја оваа книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе го извршуваш сè она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш. Еве, ова ти заповедам Јас: биди цврст и храбар, не плаши се и не се ужасувај, зашто Господ, твојот Бог, е заедно со тебе, каде и да одиш“ (Исус Навин 1,8.9).**

Господ нè учи да го следиме него и неговиот закон и тоа ќе ни донесе успех на нашиот животен пат. Успехот е во тоа што Бог е заедно со нас, каде и да одиме.

Ова утро дојдовме во Божјиот дом да разговараме со Бога, да го прашуваме, да се дружиме и со него да правиме планови за иднината обврзувајќи се на соработка. Ова утро повторно се здружуваме со Оној кој не знае за неуспех.

Затоа да пристапиме кон него со чисто срце и да го славиме, а Тој ќе нè благослови и ќе нè посвети!

*Сабота, 24 декември 2022*

## НАСИТЕНИ СО НЕГОВАТА ПРАВДА

Му благодарам на Бога за можноста што сме денеска во Божјиот дом и што сите Бог нè сочува во минатите денови. Се радувам што доаѓаме со желба да се нахраниме, како што читаме во **Матеј 5,6: „Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат!“**

Праведноста е светлина, сличност со Бога, а Бог е љубов! Праведноста е љубов, а љубовта е светлина и Божји живот. Божјата праведност е олицетворена во Христа. Кога ќе го примиме него, ние ја примаме праведноста: „Но се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“.

И оваа сабота наша цел е посилно и поцврсто да се поврземе со Христа. Затоа треба да го отвориме своето срце за Божјата реч, која ќе ни се открие преку песните, молитвите и проучувањето. Со длабока глад и жед да го бараме денеска Бога и нашата душа да се насити со неговата вистина.

*Сабота, 31 декември 2022*

## ЗНАК ДЕКА МУ ПРИПАЃАМЕ НА БОГА

Чувствувам посебно задоволство што можам и оваа последна сабота од оваа година да ве поздравам. Имаме прекрасно предимство да бидеме заедно. Веруваме дека нашите песни, молитви и проучувањето на Божјата реч ќе му искажат благодарност на Бога за сè што ни дал во минатата година на животот.

Декември во многу краишта на светот спаѓа меѓу најстудените месеци во годината, а во други краишта меѓу најтоплите. Еден познат проповедник рекол дека „поврзување е можно на два начина: со смрзнување и со топење. А она што им е најпотребно на христијаните е да бидат соединети со братска љубов. Тие дури тогаш ќе можат да веруваат дека ќе бидат силни.“

Исус Христос има за нас добра вест: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,34.35).

Без оглед на надворешната температура, таму каде што ќе се насели Христовата љубов во срцето, се појавува сила, топење, омекнување, сврзување, потчинување на Бога.

Нашата меѓусебна љубов и љубовта кон ближните и понатаму нека биде знак на нашата припадност на Бога!

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**4/2022**

**УВОДНИ ЗБОРОВИ**

Излегува тримесечно

***Издава:***
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква,
црква на адвентистите на
седмиот ден во Р. Македонија

***Превод и техничка подготовка:***
Мелита Томовска

***Коригирал:***
Томе Трајков

***Одговара:***
Томе Трајков

***Адреса:***
Ул. „Влае“ бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.org.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**